# Аллах нема да прифати дело освен ако е направено искрено за Него и целејќи го Неговото лице (задоволство).‘“

Ебу Умаме ел-Бахили, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Еден човек дојде кај Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, и го праша: ‚Што велиш за човек што учествува во борбата, барајќи ја и Аллаховата награда и пофалби од луѓето? Што ќе добие?‘ Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговори: ‚Нема ништо за него.‘ Човекот го повтори прашањето трипати, а секој пат веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговараше: ‚Нема ништо за него.‘ Потоа рече: ‚Аллах нема да прифати дело освен ако е направено искрено за Него и целејќи го Неговото лице (задоволство).‘“

[صحيح]

Еден човек дојде кај Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, за да го праша и да побара појаснување за состојбата на оној што излегува во борба и џихад, барајќи ја Аллаховата награда, но истовремено сакајќи и пофалби и признание од луѓето. Дали ќе добие награда? Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговори дека нема да добие никаква награда, бидејќи во својата намера придружил нешто друго покрај Аллах. Човекот го повтори прашањето трипати, а секојпат Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му одговараше истото – дека нема награда за него. Потоа, Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, му ја појасни основата за прифаќање на делата кај Аллах, а тоа е дека Аллах нема да прифати дело освен ако е направено искрено само за Него, без мешање на друга намера, и барајќи го Неговото Благородно лице.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee